
ПОДАРОК
Внимавај:
жив е!

Copyright © Јанош Ковач-Биро

ПОДАРОК, ВНИМАВАЈ: ЖИВ Е!
СЕДУМ ЧЕКОРИ ОД ВИТЛЕЕМ ДО ГОЛГОТА

***Превод:***
Весна Станковска

***Јазична редакција:***
Мелита Томовска

***Издава***
*АИК „Знаци на времето" - Скопје*
*ул. Влае бр. 42*

***За издавачот***
*Михајло Гурев*

***Печати***
*Маринг - Скопје*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

27-31

КОВАЧ-Биро, Јанош

Подарок : внимавај: жив е! : седум чекори од Витлеем до Голгота / Јанош Ковач-Биро ; [превод од српски јазик Весна Станковска]. - Скопје : Знаци на времето, 2014. - 202 стр. : илустр. ; 20 см

Превод на делото: Ajándék vigyázat:él : hét lépés Betlehemtől a Golgotáig / Kovács-Bíró János. - Преведено според: Поклон : опрез: жив је! : седам корака од Витлејема до Голготе / Јанош Ковач-Биро. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-659-75-1
I. Kovács-Bíró, János види Ковач-Биро, Јанош

а) Исус Христос
COBISS.MK-ID 96242954

# ПОДАРОК

## Внимавај: жив е!

# СЕДУМ ЧЕКОРИ ОД ВИТЛЕЕМ ДО ГОЛГОТА

Јанош Ковач-Биро

*Soli Deo Gloria*

# Содржина

Благодарност ........................................ 9

Список на слики ........................................ 10

Предговор ........................................ 13

**1. Исус - Божји неискажлив дар**
Сторијата за Назарет и Витлеем ........................................ 16

**2. Исусовото божествено лице**
Гората на преобразувањето ........................................ 40

**3. Исусовите вечни животни принципи**
Гората на благословите и Капернаум ........................................ 66

**4. Исус те повикува во својот животен простор**
Сихар и Ерихон ........................................ 93

**5. Исус, Кнез на надежта**
Наин, Галилеја и Витанија ........................................ 120

**6. Историјата на Исусовите страдања**
Ерусалим ........................................ 146

**7. Исус е жив и ќе се врати**
На Маслинската гора ........................................ 174

# Благодарност

***„Благодарение на Бога за неговиот неискажлив дар!“***
(2. Коринќаните 9,15)

Сакам да му ја изразам својата благодарност на мојот пријател, д-р Ласло Галус, што ме поттикна да ја напишам оваа книга и што ми ја даде својата стручна помош во решавањето на многу прашања и детаљи, и со чија поддршка е издадена оваа конечна верзија на мојата книга.

Му благодарам и на својот драг професор по теологија, д-р Јене Сигети на неговото љубезно охрабрување и што ја изрази својата вера дека оваа книгаќе ќе им помогне на мнозина да најдат одговор на некои од своите животни прашања.

Д-р Ерн Ес-Фаркаш, претседателот на Подунавската област на Христијанската адвентистичка црква во Унгарија и проповедниците на таа област исто така ја заслужуваат мојата посебна благодарност, бидејќи, благодарение на нив, оживеа движењето „Исус7“ – тие го осмислија и ја спроведоа таа програма во целата земја.

Мојата благодарност им припаѓа и на оние што беа присутни на моите предавања што ги одржав во рамките на серијата „Исус7“, во Веспрем и, повикувајќи ги своите пријатели на тие предавања, ме уверија дека Божјиот неискажлив Дар – Исус Христос – и денеска им е толку потребен на луѓето, како и во времето кога се родил во Витлеем.

Исто така им благодарам и на оние што со својата одговорна и ефикасна работа придонесоа ова дело да се објави во печатена форма. Ѝ благодарам на мојата сопруга, Жужи, и на нашите деца, Вираг и Марко, на сесрдната поддршка, на бројните молитви и големото трпение и помош што ми ја дадоа додека ја пишував оваа книга.

*Авторот*

# Список на слики


1.1 Местото каде што се родил Христос

1.2 Влез во Црквата на Христовото раѓање

1.3 Црквата на Христовото раѓање во Витлеем

1.4 Витлеем ноќе

1.5 Црква на благовестието во Назарет

1.6 Остатоци од згради во Назарет од Христово време

2.1 Горат Морија

2.2 Горат Синај

2.3 Горат Кармил со скулптура на пророкот Илија

2.4 Горат на преобразувањето

2.5 Црква на горат Тавор

2.6 Поглед од Горат на преобразувањето

2.7 Од врвот на горите Небото се чини поблизу…

3.1 Остатоци на куќи од 1. век во Капернаум

3.2 Скулптура на Петар во неговиот роден град

3.3 Остатоци од Петровата куќа

3.4 Осумаголната црква на Горат на блаженствата

3.5 Поглед од Горат на благословите кон Галилејското езеро

4.1 Горат Гаризим, светата гора на Самарјаните

4.2 Јакововиот извор во градот Сихар

4.3 Местото на Исусовото искушавање во близината на Ерихон

4.4 Захеевата смоква или сикомор

4.5 Плодовите на дрвото сикомор

4.6 Повикувањето на Матеј - Микеланџело Меризи да Караваџо - (1600)

4.7 „Еве, стојам на вратата и чукам...“ (Откровение 3,20)

5.1 Населбата Наин – со горaта Тавор во заднина

5.2 Древен израелски погребен обичај

5.3 Витанија, едно од омилените места на Исус

5.4 Израелски гроб во карпа

5.5 Влезот на гробот на Лазар во Витанија

5.6 Тука почивал Лазар кога Исус го воскреснал

6.1 Горната соба во Ерусалим

6.2 Гетсиманската градина

6.3 Стара маслинка во Гетсиманската градина

6.4 Црква на откажувањето

6.5 Виа Долороса

6.6 Голгота

7.1 Празниот гроб на Исуса Христа во Ерусалим

7.2 Во оваа гробница Исус почивал

7.3 Натпис над вратата на Исусовиот гроб

7.4 Местото на вознесување на Маслинската гора

7.5 Јато диви гуски

# Предговор

Во срцето на секој човек постои длабок копнеж за редот, за убавината, за вечното. Современиот англиски теолог, Алистер Мекграт, многу добро забележал дека овој копнеж претставува клуч за разбирањето на реалноста: „На што друго би посочувал овој копнеж, оваа беспомошност, освен на тоа дека некогаш во човекот била вградена вистинска среќа, а денеска наоѓаме само нејзини остатоци и траги? Оваа празнина се обидуваме да ја надоместиме со нештата околу нас, во кои не ја наоѓаме потребната помош“[1] Технолошкиот напредок во последните децении го направи нашиот секојдневен живот на некој начин поудобен, но едновремено внесе и големи стресови и неизвесност во животот на современиот човек. На дезориентираниот и сè поoптоварен човек на денешнината, му треба јасна насока во поглед на смислата на животот, основните човечки вредности, сè позамрсениот ток на историјата и прашањата околу припадноста. Книгата на Јанош Ковач-Биро е дело кое, изразено со јазикот на денешниот човек, многу јасно и практично укажува на Исуса Христа, како решение кое обезбедува одговор на суштинските прашања што си ги поставува човекот, а на неговиот живот му дава вистинска смисла и цел.

Една од најактуелните дискусии во изминатите 200 години во проучувањето на Библијата е т.н. потрага по историскиот Исус.[2] Дискусијата се сведува на следново клучно прашање: Кој навистина бил Исус? Ликот на Исус, претставен во книгата на Јанош Ковач-Биро, не претендира да биде придонес кон научни дискусии, туку авторот се обраќа до човекот што искрено трага по Бога, по поблизок контакт со Него и по можноста за спасение. Книгата на

---

1 Alister McGrath, *Az ismeretlen Isten* (Budapest: Kálvin kiadó, 2000), 96.

2 За преглед на расправата види на пр. Gerd Theissen and Annette Merz, *The Historical Jesus: A Comprehensive Guide* (London: SCM, 1998).

мошне креативен начин го претставува Исуса како најголем дар даден на човештвото и читателот го потсетува дека Тој е жив и дека сака активно да учествува во животот на секој човек. Овој Исус е подготвен да го помине трнливиот пат од Витлеем до Голгота само за да му обезбеди спасение на човечкиот род. Авторот, во своите седум поглавја, ги претставува главните локации на земниот живот на Спасителот, кои и самиот ги посетил неколку пати и, преку библиските настани врзани за тие места, го осветлува Божјиот лик и неговата приврзаност за човекот, како и Неговиот план за нашиот свет. Преку тие библиски стории ја запознаваме личноста на Исуса Христа, кој со право може да се нарече најголемиот Дар или Поглавар на надежта, кој може дури и животот на најзакоравениот грешник да го претвори во живот што изобилува со дарови. Денеска на човекот му е потребен Христос! Ако дозволиме неговата љубов, трпеливост и нежност да ни проговорат, привлечноста на неговата личност ќе биде едноставно неодолива, како што истакнал и Свети Августин пред повеќе од илјада и петстотини години!

Книгата, што читателот ја држи в рака, настана врз основа на серијата предавања со наслов „Седумте значајни места во Исусовиот живот“, од Јанош Ковач-Биро. Серијата беше дел од големиот проект наречен „Исус7“, организиран од Подунавската област на Христијанската адвентистичка црква во Унгарија, со цел современиот човек да се запознае со личноста на Христос, со неговите вредности и со моделите на решенијата што ни ги нуди Тој. Серијата предавања беше организирана во повеќе градови во Унгарија, Трансилванија, Војводина и во регионот на Поткарпатската област и придонесоа да се изградат и зајакнат духовните системи на вредности. Оваа книга е спомен на тие мошне успешни заеднички потфати, кои - се надеваме - ќе продолжат и во иднина.

Авторот на книгата е познат говорник кој држел предавања скоро на сите континенти, предавал на факултети и учествувал во обуки на пастори. Во центарот на неговото интересирање е Исус и актуелноста на евангелието во денешно време. Неговите предава-

ња се базираат на Библијата и јасно укажуваат на Христа, а едновремено се и актуелни, зашто со илустрациите од секојдневниот живот на модерниот човек го осветлува Евангелието, што таа голема временска дистанца од 2000 години, која постои меѓу Христовото и нашето време, едноставно исчезнува. И така читателот сфаќа дека човечките потреби не се многу променети за овие 2000 години, ниту решенијата што Бог ги понудил. Читајќи ја книгата, не се запознаваме само со историските факти за Исус и за локациите што Тој ги посетил, туку практично пред себе го гледаме живиот Исус Христос, кој е подготвен да ни даде голема надеж и охрабрување, и во исто време ни упатува и повик.

Затоа од срце им ја препорачувам оваа книга на сите оние кои не само што сакаат да дознаат повеќе за Исуса туку и да се сретнат со живиот Исус Христос - Божјиот голем Дар!

Д-р Галус Ласло

# 1. Исус - Божји неискажлив дар

## Сторијата за Назарет и Витлеем

Човекот по природа многу сака да патува, сака да истражува. А кога веќе станува збор за истражување, за можноста да откриеме нешто ново, добро е да појдеме во Светата земја и да погледнеме каде одел нашиот Спасител, каде се одигрувале библиските настани. Ве повикувам на едно патување кое има седум одморалишта – седум станици. Во оваа глава ќе ги посетиме Назарет и Витлеем и ќе истражиме каква е поврзаноста на овие две локации со Божјиот највеличествен дар, Исус Христос.

## ДАРУВАЊЕ – СО ЧОВЕЧКИ ОЧИ

Да помислиме на пригодите кога во семејниот круг си даваме дарови едни на други! Сите ние добро знаеме дека, кога е сезона за давање подароци, склони сме некогаш да претераме. Малку истражував на Интернет за да видам какви се тие претерувања поглед на подароците. Ќе се изненадите! Некој, на пример, за својата сопруга порачал Јагуар 220 – автомобил за кој како аконтација се уплаќа 80 000 $, а подоцна, при испораката – бидејќи годишно од овој модел произведуваат само 250 примероци – купувачот исплатува уште 507 000 $. Вкупно 587 000 $ за еден автомобил, иако до истото место може да се стигне исто толку успешно и со еден Опел или со кој било друг вид возило.

Патувајќи низ земјите на Блискиот исток, заклучив дека луѓето во тие краишта се уште посклони да претеруваат со подароци-

те. Еден шеик подарил сребрен автомобил на член од своето семејство. Значи, не некој „Ауди 8" со сребрена боја, туку автомобил чиишто надворешни делови се изработени од чисто сребро. Шеикот тоа му го подарил на својот член од семејството, само за да му покаже колку го цени! Во Индија го произвеле првиот автомобил од злато. Дополнително го украсиле со дијаманти, само за да покажат дека Индија не е некоја заостаната земја која не знае да произведе автомобил со марка „ТАТА" од чисто злато. Не знам што мислите за ова, но сигурен сум дека заедно со мене чувствувате оти тоа сепак е претерување! А за да илустрирам какви сѐ крајности постојат, ќе споменам уште неколку примери: еден сопруг за својата сопруга нарачал даска за WC шолја од чисто злато, направена специјално за неа, по цена од 300 000 $! Некој за еден свој член од семејството, порачал фризби по цена од 18 000 $, а друг побарал да му направат играчка Јо–Јо за 12 000 $. Постои и стапица за глувци која чини 12 000 $! Не знам дали таа стапица за глувци може да направи нешто повеќе од обичната, но во едно сум сигурен: кога луѓето сакаат да претераат со дарување, тогаш навистина одат и во крајности, и притоа ја промашуваат вистинската цел на дарувањето.

Додека размислувам за Исуса Христа, за Неговата неискажлива љубов и милост, ни јас не би сакал да ја промашам целта. Затоа сакам со вас да споделам една позната сторија. Во декември 1903 година, браќата Рајт направиле сѐ за да конструираат направа која би можела да лета. Околу десет дена пред Божиќ, радосно истрчале во првата пошта и пратиле кратка телеграма до своето семејство: „Денес прелетавме далечина од 60 метри! За Божиќ планираме да дојдеме дома!" Во следната пошта го отпечатиле телеграмот и ѝ го дале на сестрата на браќата Рајт, која брзо истрчала дома и на своите родители им пренела: „Мамо! Тато! Замислете, момците ни стигнуваат дома за Божиќ!" Бидејќи за првпат во историјата некој успеал да прелета далечина од 60 метри во некоја направа, браќата со тоа ги поставиле темелите на летањето. А сестрата, при при-

мањето и пренесувањето на пораката, воопшто не се осврнала на овој важен детаљ.

## ДАР ОД БОГА: ИСУС ХРИСТОС

Затоа би било многу чудно кога би зборувале само за подароците кои луѓето си ги подаруваат едни на други. Не би сакал да ја промашиме целта; затоа вашето внимание ќе го насочам кон Божјиот неискажлив дар. Во своето второ послание до Коринќаните, апостол Павле опишал кој е за него Исус Христос – Личноста за која зборува и оваа книга: „*Да му благодариме на Бога за неговиот неискажлив дар!*“ (2. Коринќаните 9,15).

Исусовиот земен живот започнува во Витлеем. Додека во мислите се подготвуваме да го посетиме неговиот роден град, би сакал да размислиме што би било кога – како што направиле некогаш пастирите – и ние би одлучиле: „*Тогаш, да отидеме до Витлеем и да видиме што се случило таму, за кое ни соопшти Господ!*“ (Лука 2,15) Со таков дух да го посетиме ова место и областа каде што се одиграле настаните поврзани со Христовото раѓање.

Во неколку реченици треба да се осврнеме и на заднината на Христовото доаѓање на Земјата. Кога денес ќе се случи нешто важно, обичај е веста за тоа да се објави на некоја вонредна прес-конференција. И Небото одржало своја прес-конференција во Витлеем и во таа пригода ја објавило неверојатната вест која се однесува на нашата Земја. Да погледнеме како Библијата го опишува овој настан: „*А во тој ист крај пастири ноќеваа под ведро небо, чувајќи го своето стадо. И одеднаш Господов ангел им пристапи и Господовата слава ги осветли, па се уплашија многу. Ангелот пак им рече: ’Не бојте се, зашто, еве, ви најавувам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи*’“ (Лука 2,8-10). Според овој текст Исусовото раѓање е радосна вест, и додека зборуваме за овој неискажлив дар, ние всушност делиме една радосна вест едни со други.

Ангелите вака ја продолжуваат својата посебна порака: „*Зашто денес ви се роди Спасител, во Давидовиот град, кој е Христос Господ. И ова ви е знак: ќе најдете Младенче повиено, како лежи во јасли! И одеднаш со ангелот се најде множество небесно воинство, кое го фалеше Бога, велејќи: 'Слава на Бога во висините и на земјата мир, во луѓето добра волја!'*" (Лука 2,11-14). Каква прес-конференција! Ангелот се обраќа до пастирите, кои во ноќта ги пасат своите стада на ливадата, со една радосна вест! Познат е фактот дека пасти-



**1.1 Местото каде што се родил Христос**

**1.2 Влезот во Црквата на Христовото раѓање**





**1.3 Црквата на Христовото раѓање во Витлеем**

рите во тоа време припаѓале на најпрезрениот слој на општеството. Често ги сметале за крадци, нечесни луѓе. И покрај тоа, ангелот им зборува: „*Зашто денес ви се роди Спасител!*“ Необично е што ангелите, со својата воодушевувачка вест, се обратиле токму на популацијата која живеела на маргините на општеството. Пораката била јасна: на секој човек му се нуди можност да биде ослободен, бидејќи се појавил Спасителот! Бог пратил Некого – еден дар – преку кој понудил решение за сите неволји во животот. Каков дар! Кога почнав да ги истражувам изјавите од познатите прес-конференции, длабоко се замислив. Никсон, поранешниот американски претседател, на пример, изјавил: „Најзначајниот настан во историјата на нашата планета беше кога човекот за првпат стапна на Месечината...“ Кога Били Греам ја слушнал таа изјава, кратко потоа составил една слична, и во јавноста соопштил: „Најзначајниот настан во историјата на нашата планета бил кога Бог лично стапнал на нашата Земја...“ Навистина, моментот кога Исус Христос, Божјиот Син дошол на нашата земја, е најзначајниот настан во историјата на човештвото. Најголемиот дар, што некогаш му бил даден на човекот, е отелотворувањето на Божјиот Син и неговата служба меѓу нас!

Кој бил Исус? Иако во Евангелијата имаме описи за него, кои од четири различни агли ја осветлуваат неговата личност, Тој имал и такви следбеници кои, на посреден или непосреден начин, се сретнале со него и потоа, во различни делови на Библијата дале изјави кои поттикнуваат кај човекот восхит и обожавање. Еден таков опис, на пример, се наоѓа во посланието до Галатите 4,4: „*А кога се исполни времето, Бог го испрати својот Син, роден од жена, роден под Законот*“. Изразот „*а кога се исполни времето*“ покажува дека кај Бога работите се испланирани. Кога се исполнило времето и кога според планот дошол моментот Исус Христос да се појави на Земјата, Бог го праќа својот Син и дозволува да дојде на светот на начин кој им е познат на луѓето. Додека ја читаме Библијата по ред, се чини просто нереално сознанието дека има 258 однапред обја-

вени детали за Исуса Христа, во врска со неговото име или титула. Би било премногу долго да ги набројуваме сите 258 детали, но би сакал барем да размислиме за тоа колку е чудесен тој Божји дар, кога човекот просто исчезнува додека ја слуша таа величествена небесна објава! Сè што може да направи е да ја наведне главата и во длабока понизност да прошепоти: „Ти благодарам, Ти благодарам што нè посети!“ Кој е тој Исус? Според Библијата – Син Божји. Според зборовите на ангелите – Спасител на светот, бидејќи неговото отелотворување е најавено со следните зборови: „*Зашто денес ви се роди Спасител, во Давидовиот град*“ (Лука 2,11).

## ИСУС – ЦЕНТАР НА ИСТОРИЈАТА НА ЧОВЕШТВОТО

Исус е центарот на човечката историјата. Од него се сметаат датумите во историјата. Затоа зборуваме за времето пред Христа и по Христа. Тој е централна Личност на библиската историја. Лутер тоа вака го изразил: „Како што мајката се наведнува над колепката за да го види своето дете, така и ние се наведнуваме над Светото писмо за да го видиме во него Исуса Христа, најважната Личност на библиската историја“. Земната историја започнува и завршува со Исуса Христа. Уште во Првата книга Мојсеева, непосредно по човековиот пад во грев во едемската градина, Бог го објавува Евангелието. Поради некоја чудна причина не се обраќа до човекот, туку директно на сатаната, кој во тој историски момент бил присутен во ликот на змијата, и му вели: „*Јас ќе поставам непријателство помеѓу тебе и жената, помеѓу твоето семе и нејзиното семе: Тој ќе ти ја сотрува главата, а ти ќе му ја сотруваш петицата*“ (1. Мојсеева 3,15).

Кога зборуваме за Божјиот непроценлив дар за луѓето, и кога ќе стигнеме до настаните кои се случувале во Назарет и Витлеем, не можеме а да не се сетиме и на овие почетоци на историјата; не можеме а најпрво да не помислиме како Исус ќе расте, како ќе се ис-

полни сè она што Бог ѝ го кажува на змијата таму во Едем, во присуство на Адам и Ева, дека прастариот непријател ќе направи сè за да го касне за петата и да го спречи тој неискажлив дар да му биде испорачан на човештвото. Сепак, Исус ќе ѝ застане на главата на змијата. Како во некоја капсула – можеме да ја видиме целата историја во мало... целиот Исусов живот во груби црти, значењето на неговото доаѓање на Земјата. Во ова библиско ветување ја наоѓаме пораката дека на змијата ќе ѝ дојде конечниот крај – кога Исус Христос, благодарение на својата божествена сила, ќе го надвладее својот непријател на тој начин што ќе му застане на главата.

## СВЕДОШТВОТО НА БИБЛИСКИТЕ ПРОРОШТВА

Библијата содржи многу пророштва. Интересно е да се забележи и да се истражи како тие библиски пророштва – пред сè оние од Стариот завет – однапред укажуваат дека ќе се појави овој неискажлив дар: ќе дојде Божјиот Син. Замислете само колку е фантастично тоа што Исус се родил точно во времето кое било претскажано во книгата на пророкот Даниел (Даниел 9,25)! И тоа во градот за кој пророците рекле дека ќе биде родно место на Месија: во Витлеем Јудејски (Михеј 5,2). Не некаде блиску до Витлеем, ниту во Витанија, која е оддалечена само 5 километри од Витлеем, туку токму во Витлеем, како што прорекол пророкот. *Стигнал од проречено племе.* Тој е Лавот од Јуда (Откровение 5,5), единствената Личност која преку Јудиното племе ќе донесе спасение, како што тоа пророкот некогаш одамна го запишал (1. Мојсеева 49,10). *Бил погубен во однапред одреденото време*; токму во времето во кое пророштвото во Книгата на пророкот Даниел предвидело дека Месија ќе биде погубен (Даниел 9,26). *Го лишиле од живот на начин однапред најавен*: Го распнале на крст. Не го обесиле, ниту му ја отсекле главата, туку го заковале на крст како што прорекол пророкот Захарија (Захарија 12,10). *И иако го погубиле, Тој воскреснал и сега е жив* – како што прорекле библиските пророштва (Псалм 16,10). Во

Христа сме добиле жив дар! Највеличествениот дар од Бога за човечкиот род.

Кога веќе станува збор за пророштвата, треба да се спомене дека има и такви кои сметаат дека било лесно тие неколку пророштва да се исполнат! Но, би сакал да го цитирам познатиот астроном и математичар Питер Стонер, кој во списанието „Науката зборува“ („Science speaks“), во една своја статија напишал дека веројатноста да се исполнат осум пророштва изнесува 1:100 000 000 000 000 000.[1] А во Светото писмо се објавени најмалку 48 такви пророштва кои се однесуваат на Исуса Христа! Веројатноста тие да се исполнат е $1:10^{157}$! Да помислиме само колку е мала шансата – од гледна точка на математичката веројатност – овие предвидувања да се исполнат! А кога ќе го прочитаме Светото писмо, со восхит ќе забележиме дека се исполнило секое предвидување, од збор до збор, во точно определеното време. Тоа на Светото писмо му дава голема веродостојност, кога станува збор за описот и истражувањето на животот на Исуса Христа.

## ИСУСОВИОТ НАЗАРЕТ

Денешниот Назарет воопшто не личи на Назарет од Исусовото време. Во негово време тоа било мало село, а денес е град со 100. 000 жители. Повеќето од жителите во градот се Палестинци. Најважна зграда во овој град е Црквата на Христовото раѓање, која е изградена како спомен на најавата на Христовото раѓање. Имено,

---

1 Piter Stoner (Peter Stoner), *Science Speaks* (Chicago, Ill.: Moody Press, 1958). Ова значи дека тие 8 пророштва сами по себе се доказ дека Бог ги вдахнал овие пророци да пишуваат, бидејќи, користејќи ја модерната наука на веројатноста во однос на осумте пророштва, „откриваме дека шансите еден човек да може да живее до денешен ден и да ги исполни сите осум пророштва се 1 од 1017“. Потпирајќи се на истата оваа метода за пресметување на веројатноста, можеме да заклучиме дека шансите еден човек да ги исполни сите 48 пророштва во својот живот се 1:10757.

според христијанската традиција, токму на тоа место ангелот Гаврил ѝ објавил на Марија дека Исус Христос преку неа ќе дојде на овој свет. Тука започнало сѐ! Оттука Божјиот неискажлив дар на милоста тргнал на своето земно патување. Кога човек денес ќе зачекори во таа црква, почнува да размислува како се случило тоа, кога пред две илјади години една девојка, речиси тинејџерка, одеднаш го слуша гласот на ангелот како ѝ објавува дека токму таа ќе биде личноста преку која ќе се роди Месија! Зборот Назарет, според мислењето на многу научници, значи стражарница или кула. Меѓутоа, интересен е и фактот дека во 1962. година археолозите откриле еден археолошки запис во Цезареја, каде што се набројани 24 реда од Ароновото свештенство. Таму се споменува градот Назарет, но не со „з“ туку со „ц“, значи како: Нацарет, што во превод значи: гранка, изданок или фиданка. Во светлината на ова археолошко откритие се сменило и значењето на името на овој град. Во Библијата пророкот Исаија е тој кој за Месија постојано и доследно зборува дека Тој е Гранка или Фиданка. Во 11 глава во 1. и 2. стих го читаме следниот опис за Месија: „*Ќе изникне фиданка од Јесеевите пенушки; стебло ќе никне од нејзиниот корен. Господовиот Дух ќе почива на него, дух на мудроста и на разум, дух на совет и на сила, дух на знаење и на страв, Господен*“ (Исаија 11, 1.2). А Матеј, еден од евангелистите, очевидец на животот и делото на Божјиот најголем дар, можеби се повикал на ова пророштво кога напишал дека Јосиф, заедно со Марија, доаѓајќи назад од Египет, „*се насели во градот наречен Назарет, за да се исполни реченото од пророците дека ќе се нарече Назареец*“ (Матеј 2,23). Значи Исус не се родил во Назарет, но приказната тргнала од Назарет, кога семоќниот Бог на младата девојка, која веројатно имала околу 15-16 години, ѝ се обратил со зборовите: „Ти ќе бидеш средство, ти ќе бидеш всушност ’обвивка’ на подарокот кој планирам да го испратам. Преку тебе ќе го воведам во историјата на оваа планета“.

Приближувајќи се до Црквата на Христовото раѓање – до оваа релативно нова зграда – човекот го обзема посебно чувство. На ог-

ромната врата на црквата се воочува резба која ги претставува најзначајните настани – најважните станици – од животот на Исуса Христа, така што, и пред човекот да стапне внатре, веќе има чувство дека тоа е токму тој Христос, токму тој посебен Божји дар со кој вреди да се живее. Внатрешноста на самата црква е многу светла, за да може посетителот, под тие блескави зраци на сончева светлина, да ја доживее славата на оној момент кога на ова исто место еден ангел ѝ се обратил на Марија. Да, тоа е местото каде што започнало сè. Оттука Јосиф и Марија подоцна тргнале да одат пеш до Витлеем, каде што Спасителот на светот зел човечка лика.

## ИСУСОВИОТ ВИТЛЕЕМ

Зборот Витлеем во превод значи *куќа на лебот*. Да помислиме сега на познатата библиска сторија според која Ноемина, која живеела во Витлеем, побегнала со своето семејство од овој град, бидејќи таму настанал голем глад и криза (Рута 1,1). Во куќата на лебот снемало леб! Од Витлеем се преселуваат во моавската земја, каде што подоцна Ноемина ќе ја добие за снаа Моавката Рута. И на крајот, откако и мажите ќе им починат, женските членови на ова семејство треба да донесат одлука за својата иднина. Ноемина ги поттикнува своите снаи да си одат и да најдат мажи за себе и секоја да продолжи да го живее својот живот. Но, Рута проговара и вели: „Не, туку јас ќе тргнам таму каде што одиш ти. Твојот Бог ќе биде мој Бог, а твојот народ ќе биде мој народ“. И заедно со својата свекрва Рута стигнува во Витлеем, каде што ќе се запознае со Воз; и од овој брак ќе се роди еден од предците на Исус Христос (види: Матеј 1,5). Зар не е прекрасно што во Библијата се вклопуваат сите тие „сликички“?

Витлеем се нарекува и Давидов град, бидејќи најверојатно тука се родил царот Давид. Како дете ги пасел своите стада во близина на овој град. Тука пророкот Самоил го повикал и го помазал за

цар. Од сето ова заклучуваме дека Витлеем е значајно место во библиската историја. Тоа бил градот во кој требале Јосиф и Марија да заминат поради попис на жителите. Според едно старозаветно пророштво, тука требало да се појави и Спасителот на светот: *„А ти, Витлеему Ефрато, awмалиот меѓу Јудините кнезови, од тебе ќе ми излезе Оној кој ќе владее со Израел; Неговото потекло е од дамнини, од вечните времиња*“ (Михеј 5,2). Пророкот тука зборува за Божјиот вечен дар и вели дека Витлеем – градот кој денес е под управа на Палестинците – ќе биде местото каде што ќе се роди Спасителот.

Човечкото срце возбудено чука додека се приближува кон Црквата на Христовото раѓање во Витлеем, бидејќи доаѓа на местото каде што Исус се родил. Во тоа време луѓето живееле во мали куќи, колиби, и историчарите забележале дека својот добиток го чувале во подрумите под куќите или во пештерите близу до куќите, а и пештерите околу Витлеем сигурно биле користени за таа цел. Црквата на Христовото раѓање е изградена уште во 4. век по Христа, по наредба на царот Константин Велики. Влезот е необично низок и тесен, за да се оневозможи некој да влезе во црквата јавајќи на коњ. Оној што сакал да влезе, бил приморан да се наведне и на тој



**1.4 Витлеем ноќе: во заднината се наоѓаат ридовите на кои престојувале пастирите**

начин да го искаже своето почитување кон местото на кое се наоѓа. Кога ќе влезат во црквата, посетителите најнапред сакаат да го видат местото каде што се родил Исус. Патот од внатрешноста на црквата води долу, во една мала пештера, каде што една сребрена ѕвезда го обележува тоа значајно место. Спроти тоа место се наоѓаат јаслите во кои Марија некогаш го ставила своето повиено бебе. И тука почнува сторијата за раѓањето, за која Светото писмо толку темелно, а едновремено и толку трогателно, известува и истакнува дека во таа пригода во Витлеем стигнал најскапоцениот дар од небото. Недалеку од ова свето место се наоѓа полето на кое ги паселе своите стада не само Давид, туку и пастирите кои биле сведоци на небесната „прес–конференција“ на која е објавена радосната вест: *„Зашто денес ви се роди Спасителот...“* (Лука 2,11). Раѓањето на тоа Дете толку ги заинтересирало пастирите, што веднаш решиле: *„Добро, тогаш сите да тргнеме во Витлеем и да го пронајдеме!“*

## МАРИЈА: ПРИМЕР НА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА СОРАБОТКА

Ангелот Гаврил ѝ објавил на Марија дека таа ќе стане мајка на долгоочекуваниот Спасител. Во книгата на пророк Михеј читаме дека Исус Христос постоел отсекогаш и дека ќе постои вечно (Михеј 5,2). Во еден момент сепак одлучил да ги остави на страна своето божество и преку чудесното раѓање да дојде на нашата Земја и да земе тело слично на нашето. Тоа го направил само за да може да ги разбере нашите проблеми, нашите неволји, нашите околности. Затоа велиме дека тој Дар – таа Личност – може во целост да се поистовети со нашата состојба. Тоа дете што ќе се роди, според најавата на ангелот, требало да го носи името Исус и требало да се роди со посредство на Светиот Дух. Името Исус значи „ослободител“, и самото име укажува на тоа дека Тој ќе го ослободи својот народ од неговите гревови. Оваа ангелска порака совршено се



**1.5 Црква на благовестието во Назарет**

вклопува во месијанските пророштва што веќе ги цитиравме. Ц. С. Луис, човекот кој првобитно бил атеист па станал христијанин, бил вистински научник, кој со научни методи дошол до заклучок дека Исус е вистинска личност, присутна во животот на секој од нас. Тој почнал да ја проучува Библијата и, за сторијата за Исусовото раѓање, изјавил: „Целата сторија се стеснува, додека не дојдеме до една точка, толку мала како врвот на стрелата – до една кревка, млада Еврејка на колена..."[2] Бог меѓу сите луѓе одбрал едно младо создание кое ќе биде најдоброто „пакување" на овој величествен небесен дар, кој ќе го носи името Исус.

Според извештајот на евангелистот Лука, ангелот вака ѝ се обратил на Марија: „*Не бој се Марија, зашто си нашла милост пред Бога. И ете, ќе зачнеш и ќе родиш Син, и ќе му го дадеш името ИСУС*" (Лука 1, 30.31). И каков бил одговорот на Марија? „*Еве ја Господовата слугинка, нека ми биде според твојот збор!*" (Лука 1,38) Исус никогаш не ги презирал младите луѓе, никогаш не сметал дека некој е премлад за да може да биде вклучен во службата. Ова го потврдува и примерот на Марија. Тоа е една млада девојка, на

---

2 C. S. Lewis, *God in the Dock: Essays on Theology and Ethics* (Grand Rapids, Mich.: Eerdmans, 1996).

која Бог лично ѝ се обраќа со зборовите: „Тие ќе бидеш ʼобвивкаʼ за подарокот! Ти ќе бидеш средство преку кое Исус Христос ќе се роди на Земјата!“ И Марија не вели дека сосетката би била посоодветна за оваа задача. Не протестира; не зборува дека е премногу зафатена, дека има премногу обврски. Не наоѓа оправдувања, туку едноставно изјавува: „*Нека ми биде според твојот збор!*“

Ни недостасуваат такви млади во денешното општество. Сè повеќе мораме да се трудиме околу новите генерации, со цел да ги воодушевиме да дозволат овој Божји неискажливо вреден дар да влезе во нивниот живот.

Томас Кинкејд[3] е еден од оние сликари чии дела спаѓаат во најубавите божиќни честитки. Сцените на неговите слики се толку идилични, што човек има впечаток дека сè е толку убаво, толку хармонично, толку уредено и дека владее толку совршен мир што просто нема место за вознемиреност. Сепак, не е така. Во сторијата за Исусовото раѓање, покрај идиличната радост има и непријатности, бидејќи е присутен стравот дека во одреден момент некој ќе му наштети на тукушто роденото дете. Тоа е како во приказната за малото дете кое отишло в црква да ја види сцената на Исусовото раѓање во витлеемската штала. Во својот џеб од дома ја понело својата омилена играчка-животинче, и ја ставило точно над јаслите. Ова животинче претставувало мал диносаурус. „Немој да се лутиш, дете мое, но што бара еден диносаурус над јаслите?!“ – негодувал свештеникот, а потоа, гледајќи го тоа животинче, кое наликувало на змеј, се замислил и одеднаш сфатил дека детето има право. Бидејќи тој прастар змеј – сатаната – од почетокот правел сè за да го спречи раѓањето на Исуса Христа на оваа Земја или, ако сепак се роди, тогаш барем што порано да го оневозможи да ја изврши својата месијанска задача.

---

3 Thomas Kinkade (1958-2012), американски сликар.

## КОГА ПРИ СЛАВЕЊЕТО ГО ЗАБОРАВАМЕ СЛАВЕНИКОТ

Прашањето кое ни се поставува е: Дали имаме време за овој Исус?

Мајката го понела својот тригодишен син на предбожиќно пазарување, и од време на време морала да му даде по една чоколадна коцка за да направи уште некој чекор, бидејќи веќе бил целосно исцрпен. Во тој неискажлив метеж среде треskавичното купување, мајката во еден момент сфатила дека го изгубила своето дете. Панично го барала со погледот насекаде, и најпосле го здогледала како стои пред еден излог и зачудено гледа во нешто. Му пристапила, силно го повлекла за раката и рекла:

– Сине, ајде, мора да одиме!

Момчето одговорило:

– Мамо, гледај! Ене го малиот Исус!

А запрепастувачкиот одговор на мајката гласел:

– Остави го сега тоа, сине, немаме време за Него! Имаме уште многу за купување!

Зар во овој забрзан свет не можеме да издвоиме малку време ни за Оној чиј спомен го оживуваме во тие празнични денови?!

## ЈОСИФ: КОГА ГОСПОД ЌЕ ИЗНЕНАДИ

А каде е Јосиф во целата оваа сторија за раѓањето? Јосиф по струка бил дрводелец. Дрводелецот во тоа време не само што го делкал дрвото туку и градел комплетна куќа според – како што велиме денес – системот „клуч во рацете“. Овој човек веќе ја запросил Марија и се подготвувале за венчавка. И тогаш неочекувано дознава дека идната жена, Марија, е бремена. Сака тајно да ја отпушти. Не сака скандал, бидејќи искрено ја сака. Во тоа време во Израел имало обичај да се каменува онаа девојка што ќе забремени пред брак. И Господ решил да го посети Јосифа – Јосиф, кој сè правел плански. Како да го слушам како се моли: „Господи, едностав-

но не Те разбирам. Јас сум мајстор, градител на куќи, кој обично сѐ планира, од темелот до кровот. Сега, едноставно, не разбирам што се случува. Марија и јас испланиравме да се венчаме. Ја запросив според прописите, а ти дозволи да забремени. Што се случува? Јас навистина ја сакам таа девојка. Би сакал да се оженам со неа“. И Господ тогаш одлучува да му ја соопшти на Јосифа вистината за Божјиот дар. Го испраќа истиот ангел што ја посетил Марија, за да го воведе во својот план. *„Но штом го намисли тоа, ете, Господов ангел му се јави на сон и му рече: 'Јосифе, сине Давидов, не бој се да ја земеш Марија, својата жена, зашто зачнатото во неа е од Светиот Дух. Таа ќе роди Син и ти ќе му го дадеш името Исус, зашто Тој ќе го спаси својот народ од нивните гревови*'“ (Матеј 1,20-21).

Благодарение на ова откровение, Јосиф сфаќа што се случува: „Така значи, и Ти имаш план? Тогаш во ред. Можеме да се здружиме во остварување на овој план. Ако Ти, Боже, точно знаеш што се случува, тогаш ќе Те послушам и ќе тргнам по твојата патека“. Што направил Јосиф кога се родил Исус? Сигурен сум дека срцето му било обземено со неискажлива радост. Бил среќен што му се укажала можност Тој да биде воспитувач на детето кое ќе биде Спасител на светот. Можам да го замислам Јосифа, таков каков што го прикажува една драмска претстава: тој следниот ден оди в град за да побара столарска работилница, слична на неговата, со намера да направи мала колепка за новороденче. И додека ја кове шајката во дрво и ѝ дава конечен облик на колепката, гласно размислува: „Боже, ако уште при раѓањето вака го дочекаа мојот син, што ли ќе биде подоцна? Ако од Исток дојдоа мудреци, ако се собраа околу него пастири и ако сите толку му се радуваат, што ли ќе биде подоцна?!“ Одеднаш исчезнуваат светлата на сцената, додека тој упорно продолжува да ги кове шајките во дрвото... Што ли ќе биде подоцна?“ А гледачите полека стануваат свесни за одговорот: удари со чеканот. Што ќе се случи подоцна? Ние, луѓето, немилосрдно ќе ги земеме повторно шајките и чеканот в раце и Христа ќе го распнеме на крстот!“

Јосиф како да насетува дека ќе се случи нешто важно и дека тој ќе биде дел од тоа. Насетува чудо. Но, како се однесувале луѓето во тоа време кон таквото чудо? Елисавета, роднина на Марија, во своите позни години забременила и родила дете – Јован Крстителот (Лука 1,57-80). Во нејзиниот случај луѓето организирале големи прослави; сите се радувале на ова чудо. Но, Марија не наишла на толку позитивен прием. Среќа што во тоа време сè уште немало можности за абортус, бидејќи најверојатно сè би направиле за да го убијат нејзиното сè уште неродено дете. Марија знаела дека самото име на нејзиното идно дете значи утеха. Знаела дека ќе се вика Емануел, што во превод значи „Бог со нас“. Преку ова дете кое се родило во Витлеем, човештвото добило охрабрувачко ветување: БОГ ЌЕ БИДЕ СО НАС!



**1.6 Остатоци од згради во Назарет од Христово време**

## ЦАР ШТО ЈА ДРЖИ ИСТОРИЈАТА ВО СВОИ РАЦЕ

Императорот Август токму во тоа време издал наредба да се направи попис на жителите. Во Евангелието според Лука го читаме следното: „*А во она време излезе заповед од царот Август за по-*

# Молитва



*Мил мој небесен Татко! Ти благодарам за твојот Дар – Исус Христос. Ти благодарам што го презеде осилото на смртта на себе, што умре наместо нас. Но, колку е радосна веста што гробот не можеше да го задржи, што станал во третиот ден! Ти благодарам, Исусе, што си жив и што сакаш да бидеш во центарот на мојот живот. И јас го сакам тоа. Дај ни сите ние – без оглед на староста или статусот – да сфатиме дека жолтите и црвените сијалички што светат на „командната табла“ на историјата на човештвото, се всушност знаци на предупредување дека твоето доаѓање е близу. Господе, знам дека при своето вознесение си ветил дека ќе дојдеш по нас, откако ќе го подготвиш местото за твоите. Дај ми радосно да го чекам исполнувањето на ова ветување и помогни ми додека настојувам да подготвам место за Тебе и во срцата на оние кои живеат околу мене. Помогни ми да не ме врзува ништо земно, во мигот кога Ти ќе се појавиш да не трчам кон планините и карпите, молејќи ги да паднат врз мене! Наместо тоа, дај ми да бидам во групата на оние кои радосно ќе извикаат „Ова е Господ, него го чекавме; ќе се радуваме и ќе се веселиме за неговото спасение!“ Те молам, помогни ми тоа да биде моето искуство. Амин.*